# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 5** **Четврток, 15 Мај 2025** **Демир Капија**

1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com


## СОДРЖИНА


1. *Заклучок за оправданост на причините за свикување на вонредната седница*.........................................................................
2. *Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот* ***"Набавка на трактор со приклучна механизација"***..............................................................................................................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за оправданост на причините за свикување на вонредната седница**

Се објавува Заклучок за оправданост на причините за свикување на вонредната седница, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 14.05.2025 година.

Број 09 –425/1 Градоначалник на
15.05.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 40 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 14.05.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За оправданост на причините за свикување на вонредната седница**

**1.** СЕ ОПРАВДУВААТ причините за свикување на вонредната седница.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 421/2 Претседател на Совет на
14.05.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот "Набавка на трактор со приклучна механизација"**

Се објавува Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот **"Набавка на трактор со приклучна механизација"**, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 14.05.2025 година.

Број 09 –425/2 Градоначалник на
15.05.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 14.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
За давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот **"Набавка на трактор со приклучна механизација"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за сопствено учество во предлог - проектот - **"Набавка на трактор со приклучна механизација"** и за обезбедени 20% или 500.000,00 денари со ДДВ, од потребните средства за реализација.

**Член 2**

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 2.500.000,00 денари со ДДВ.

Општина Демир Капија како корисник на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/2025) во целост е одговорна за реализација на предлог – проектот. Финансиската поддршка за реализација на предлог - проектот од Министерството за локална самоуправа изнесува 80% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за реализација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија"

Број 08 – 421/3 Претседател на Совет на
14.05.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.